РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОВЕТ НА ОПШТИНА СТРУГА
KËSHILLI I KOMUNËS SË STRUGËS

ПЛОШТАД "МАЈКА ТЕРЕЗА" Б.Б., 6330 СТРУГА / SHESHI "NËNË TEREZA" P.N.,6330 STRUGË / Тел./Tel. +389 46 781 335, 781 223, 782 015, Факс/Faks 781 434
web: struga.gov.mk,
e-mail: kryetari@struga.gov.mk, info@struga.gov.mk

Бр./Nr. _____
__.__.2024
СТРУГА / STRUGË

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02) и член 88 став 2 од Статутот на општина Струга („Службен гласник на општина Струга„ бр.2/18, 10/19, 22/19, 11/20, 12/22 и 14/22), на Предлог на Градоначалникот на општина Струга, Советот на Општина Струга на 38-мата седница одржана на ____.2024 година, донесе

П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А
за усвојување на Иницијатива за започнување со подготвителни работи за доделување на коцесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство

Член 1

Со оваа одлука се усвојува Иницијативата поднесена од Градоначалникот на општина Струга, заведена со број 09-2919/3 од 05.08.2024 година.

Член 2

Постапката за подготвителните работи да се спроведе во согласност со закон и подзаконските акти кои ја уредуваат соодветната материја.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струга".

Në bazë të nenit 36 paragrafi 1 pika 15 nga Ligji për vetëqeverisje lokale ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr.5/02) dhe nenit 88 paragrafi 2 të Statutit të Komunës së Strugës ("Informatori zyrtar i komunës së Strugës" nr.02/18 10/19, 22/19, 11/20, 12/22 dhe 14/22), në propozim të Kryetarit të komunës së Strugës, Këshilli i Komunës së Strugës në mbledhjen e 38-të, mbajtur më ___.2024, miratoi

P R O P O Z I M - V E N D I M
për miratimin e Iniciativës për nisjes së punëve përgatituese për ndarjen e koncesionit me interes të përgjithshëm dhe marrëveshjes për vendosjen e partnerit privat publik

Neni 1

Me këtë Vendim miratohet iniciativa e parashtruar nga Kryetari i komunës së Strugës evidentuar me numër 09-2919/3 të datës 05.08.2024.

Neni 2

Procedura për punët përgatituese të realizohen në pajtim me ligj dhe aktet nënligjore të cilët e rregullojnë materien përkatëse.

Neni 3

Vendimi hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e publikimit në "Informatorin zyrtar të komunës së Strugës".

СОВЕТ НА ОПШТИНА СТРУГА
Претседател,
Арбереша Влаши

KËSHILLI I KOMUNËS SË STRUGËS
Kryetar,
Arbëresha Vlashi

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
на ПРЕДЛОГ – ОДЛУКАТА
за усвојување на Иницијатива и започнување со подготвителни работи за доделување на коцесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство

ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ

Правен основ за донесување на оваа Предлог-Одлука е Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија" бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.153/19, 261/19, 89/22, 65/23 и 147/24)

ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ

Градот Струга е значаен туристички центар во РС.Македонија. Градот со повеќе од 65 илјади жители е седма по големина општина во државата и лежи на северозападниот брег на Охридското езеро. Градот Струга има богата историја и е познат по големиот број на културни и природни споменици. Благодарение на тоа заедно со езерото во 1980 година е запишан во списокот на светското природно и културно наследство на УНЕСКО.

Јавното осветлување спаѓа меѓу најважните услуги обезбедувани од страна на општината за локалното население. Квалитетот на јавното осветлување влијае на јавниот ред и безбедноста на сообраќајот, лицата и имотот, ја зголемува туристичката атрактивност на градот како и обврска за поврат на средствата од граѓаните за јавното осветлување за градот, кое значајно придонесува за задоволството на населението.

Трошоците на услугата за осветлување се значаен составен дел на градските и општинските буџети. Оттука е постојаната заложба на секое раководство на градот Струга за поквалитетно и поефективно градско осветлување со цел значително намалување на трошоците и одржување на целиот систем во функционална состојба.

Осветлувањето со помош на диоди (LED) се повеќе е присутно скоро во сите апликации на осветлувачката техника, вклучувајќи го и јавното осветлување. Досегашната апликација на замена на традиционалните електро-празнечки извори со диодни укажуваат на значителна заштеда на оперативните трошоци и тоа

ARSYETIM
i PROPOZIM – VENDIMIT
për miratimin e Iniciativës dhe nisjes së punëve përgatituese për ndarjen e koncesionit me interes të përgjithshëm dhe marrëveshjes për vendosjen e partnerit privat publik

BAZA JURIDIKE PËR RREGULLIMIN E MARRËDHËNIEVE

Baza juridike për miratimin e këtij Propozim – Vendimit është Ligji për koncesione dhe partnerit privat publik ("Gazeta zyrtare e Republikës së maqedonisë" nr. /12, 144/14, 33/15, 104/15 dhe 215/15 dhe "gazeta zyrtare e Republikës së maqedonisë së Veriut " nr. 153/19, 261/19, 89/22, 65/23 dhe 147/24)

SHKAQET E MIRATIMIT

Qyteti i Strugës është një qendër e rëndësishme turistike në Republikën e Maqedonisë së Veriut. Qyteti me më shumë se 65 mijë banorë është komuna e shtatë më e madhe në vend dhe shtrihet në bregun veriperëndimor të liqenit të Ohrit. Qyteti i Strugës ka një histori të pasur dhe është i njohur për numrin e madh të monumenteve kulturore dhe natyrore. Falë kësaj, së bashku me liqenin, në vitin 1980 u përfshi në Listën e Trashëgimisë Natyrore dhe Kulturore Botërore të UNESCO-s.

Ndriçimi publik është një nga shërbimet më të rëndësishme që komuna ofron për popullsinë vendase. Cilësia e ndriçimit publik ndikon në rendin publik dhe sigurinë e trafikut, njerëzve dhe pronës, rrit atraktivitetin turistik të qytetit si dhe detyrimin për kthimin e fondeve nga qytetarët për ndriçimin publik të qytetit, gjë që kontribuon ndjeshëm në kënaqësinë e qytetarëve.

Kostot e shërbimit të ndriçimit janë një komponent i rëndësishëm i buxhetit të qytetit dhe komunës.

Prandaj, prej këtu vjen përkushtimi i vazhdueshëm i çdo udhëheqjeje të qytetit të Strugës për ndriçim më cilësor dhe më efektiv të qytetit me qëllim uljen e ndjeshme të kostove dhe mbajtjen e gjithë sistemit në gjendje funksionale.

Ndriçimi me diodë që lëshon dritë (LED) është gjithnjë e më i pranishëm në pothuajse të gjitha aplikimet e teknologjisë së ndriçimit, duke përfshirë ndriçimin publik. Zëvendësimi i burimeve tradicionale elektrike të aplikuara deri tani me dioda tregon një kursim të konsiderueshëm në kostot e funksionimit, si në konsumin e energjisë elektrike ashtu edhe në

како во потрошувачката на електрична енергија, така и за самите трошоци за одржување. Повисоката влезна инвестиција така се компензира со декларираниот век на траење на (LED) светилките од страна на производителот (околу 10 – 15 години), намалените трошоци за користење, управување и одржување на целиот систем на јавното осветлување.

- **Краток опис на Иницијативата**

Градот Струга би имал интерес да ја реализира реконструкцијата на системот за јавното осветлување со замена на постоечките со (LED) извори и на тој начин значајната влезна инвестиција да влијае врз намалувањето на идните оперативни трошоци и подобрено осветлување.

Хроничниот недостаток на инвестициони средства за вака сериозен потфат ја наметнува потребата од изнаоѓање на алтернативни начини за негово финансирање. Денес е општоприфатен фактот дека во таква ситуација инволвирањето на приватниот сектор по пат на јавно приватно партнерство (ЈПП) сериозно ги зголемува шансите за реализација на крупни капитални проекти.

Обостраниот прагматичен модел ќе му обезбеди на градот Струга пофункционална инфраструктура за задоволување на растечките потреби на своите граѓани, а истовремено ќе влијае врз решавање на потребата од ограничување на јавните расходи.

- **Опис на опсегот на иницијативата**

Оваа иницијатива се поднесува до советот на општина Струга со цел започнување на пстапка за изработка на **физибилити студија за оправданост од воспоставување на договор за јавно-приватно партнерство за модернизација и проширување на системот за јавно осветлување во општина Струга, во наредните 10 години.** Студијата треба да ги процени техничките, временските и финансиските предуслови на проектот, да ги процени различните варијанти, да ја процени погодноста на моделот на ЈПП и да ги спореди резултатите со помош на финансиската анализа.

Содржината претставува само индикација за идните заинтересирани оператори кои ќе треба да направат и сопствена длабинска анализа заснована на нивни појдовни претпоставки и податоци и искуства од ндругите општини во РС Македонија.

vetë kostot e mirëmbajtjes. Kështu, investimi fillestar më i lartë kompensohet nga jetëgjatësia e deklaruar e llambave (LED) nga prodhuesi (rreth 10-15 vjet), kostot e reduktuara për përdorimin, menaxhimin dhe mirëmbajtjen e të gjithë sistemit të ndriçimit publik.

- **Përshkrim i shkurtër i Iniciativës**

Qyteti i Strugës do të ishte i interesuar të realizonte rikonstruksionin e sistemit të ndriçimit publik duke zëvendësuar ato ekzistuese me burime (LED) dhe kështu investimi i rëndësishëm input ndikon në uljen e kostove të ardhshme operative dhe përmirësimin e ndriçimit.

Mungesa kronike e fondeve investuese për një sipërmarrje kaq serioze imponon nevojën për gjetjen e mënyrave alternative të financimit të saj. Sot është një fakt i pranuar përgjithësisht se në një situatë të tillë, përfshirja e sektorit privat nëpërmjet një partneriteti publik privat (PPP) rrit seriozisht shanset për realizimin e projekteve të mëdha kapitale.

Modeli i gjerë pragmatik do t'i sigurojë qytetit të Strugës një infrastrukturë më funksionale për të përmbushur nevojat në rritje të qytetarëve të tij dhe në të njëjtën kohë do të ndikojë në zgjidhjen e nevojës për kufizimin e shpenzimeve publike.

- **Përshkrimi i fushës së iniciativës**

Kjo iniciativë i është dorëzuar këshillit të komunës së Strugës me qëllim të inicimit të procedurës për përgatitjen e **studimit të fizibilitetit për arsyetimin e lidhjes së marrëveshjes për partneritet publiko-privat për modernizimin dhe zgjerimin e sistemit të ndriçimit publik në komunën e Strugës , në 10 vitet e ardhshme.** Studimi duhet të vlerësojë parakushtet teknike, kohore dhe financiare të projektit, të vlerësojë variantet e ndryshme, të vlerësojë përshtatshmërinë e modelit PPP dhe të krahasojë rezultatet duke përdorur analizën financiare.

Përmbajtja është vetëm një tregues për operatorët e ardhshëm të interesuar të cilët do të duhet të bëjnë analizat e tyre të thella bazuar në supozimet e tyre fillestare dhe të dhënat dhe përvojat nga komunat e tjera në Republikën e Maqedonisë së Veriut.

Поради изнесеното му предлагам на Советот на Општина Струга, да ја прифати оваа иницијатива и да донесе Одлука за изработка на Физибилити студија со претходни анализи согласно Законот за концесии и јавно приватно партнерство, од чии параметри ќе се предложи Одлука за ЈПП.

Propozoj që Këshilli i Komunës së Strugës ta pranoj këtë iniciativë dhe të sjell Vendim për përpunimin e studimit të fizibilitetit me analizat paraprake në pajtim me Ligjin për koncesione dhe partner privat publik ,në parametrat e të cilit do të propozohet Vendim për PPP.

ОПШТИНА СТРУГА
Градоначалник,
Д-р Рамис Мерко

KOMUNËS SË STRUGËS
Kryetar,
Dr. Ramis Merko

м.п. / v.v.